04- /
12.04.2023

Врз основа на член 42 од Законот за средното образование (IСлужбен весник на Република Македонијав бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/2011, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 10/15, 98/15,145/15 ,30/16 ,127/16 67/17, 64/2018), Законот за стручно образование и обука (IСлужбен весник на Република Македонијаг број 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14 и 145/1530/16 и 142/16**),** Законот за спортска академија ( Сл. весник на Р.С. Македонија 115/2014, 129/15, 146/15, 30/16, 142/16 и 64/18,, Законот за математичко информатички гимназии ( Сл. весник на Р.С. Македонија 64/18 Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта од Министерството за образование и наука, Училишната Комисија на 1**2.04.2023** година донесе Одлука за објавување на:

# И Н Т Е Р Е Н  О Г Л А С

**за запишување ученици во прва година**
**гимназиско образование за 2023 /2024 година**
**(ПРВ УПИСЕН РОК)**

**(на 20.06.2023 год и 21.06.2023 год. Електронско пријавување)**
**Доставување на документи до училиштето**
**на 22. 06. 2023 г. од 12 00 часот до 19 часот**
**на 23. 06. 2023 г. од 07.00 часот до 19 часот )**

## БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И ПАРАЛЕЛКИ

1. Во И-ва година во учебната **2023/2024** година,ќе се запишат :
   **408 ученици во 12 паралелки од кои:**

-10 (десет) паралелки ( 340 ученика) на македонски наставен јазик - според наставните планови за гимназиско образование.

-2 (две) паралелки ( 68 ученици) на турски наставен јазик - според наставните планови и програми за гимназиско образование.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МАКЕДОНСКИ јазик | 340 ученици | 10 паралелки | 4 год траење | минимум 60 поени |
| ТУРСКИ јазик | 68 ученици | 2 паралелки | 4 год траење | минимум 60 поени |

Во рамките на 10 - те гимназизски паралелки во една паралелка ке бидат запишани максимум 34 у;еници од кои една **паралелка** **со германски јазик** **како странски јазик (со 6 шест часа неделен фонд)**

При пријавувањето за гимназиско образование, потребно е учениците во пријавата да изберат подрачје со комбинации за кои се определуваат во текот на образованието:

**Подрачја со комбинации предвидени за избор се:**

- Природно-математичко подрачје (комбинација А)
- Природно-математичко подрачје (комбинација Б)
- Општествено- хуманистичко подрачје (комбинација А)
- Општествено- хуманистичко подрачје (комбинација Б)
- Јазично-уметничко подрачје (комбинација А)
- Јазично- уметничко подрачје (комбинација Б)

Примените ученици ќе бидат распоредени во паралелки кои ќе се формираат врз основа на покажаниот интерес за подрачје и комбинација, а водејќи сметка за законското ограничување за број на ученици во паралелка (минимален и максимален број ученици во паралелка).

## 2. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Запишувањето на учениците во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито„ Скопје за учебната 2023/2024 година ќе се врши под услови и на начин утврдени со Законот за средното образование, и Конкурст за запишување на ученици во јавните средни училишта во 2023/2024 и овој **Интерен оглас**

**Условите за запишување на учениците се :**

-да имаат завршено основно образование,
-да не се постари од 17 години,
-да се определиле за план и програма за гимназиско образование
-да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој Интерен-оглас односно Конкурсот за упис на ученици за 2023 /24 објавен од Министерество за образование и наука.

Бесплатен превоз или сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година нема да биде обезбеден ако избраниот вид на образование (струка) го има во општината, односно регионот каде што тие живеат.

Наставата се изведува на македонски јазик и кирилско писмо.

## 3. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ:

По објавувањето на ранг листатата, учениците кои се на листата ја доставуваат следната документација:

- **пријава за запишување** (пријавата за запишување ја изготвува Министерството за образование и наука и ја објавува на официјалната веб страница);

- **оригинални свидетелства од VI до IX одделение; - дипломи**, (доколку имаат) од освоени природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката, насоката, односно изборното подрачје;

- **извод од матичната книга на родените** (без оглед на датумот на издавањето).

## 4. КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во еден уписен рок со две пријавувања во месец јуни. Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука хттпс://е-услуги.мон.гов.мк со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Сцхоолс.мк. **Првото пријавување** на учениците ќе се врши на **20 јуни до 24.00 часот и на 21 јуни 2023 година до 15:00 часот**. Ранг листата на запишани ученици се објавува на 22 јуни 2023 година на хттпс://еуслуги.мон.гов.мк и на интернет страната њњњ.мон.гов.мк најдоцна до 09:00 часот. **Доставувањето на потребената документација до училиштата е на 22 јуни од 12.00 до 19.00 часот и на 23 јуни од 07.00 часот до 19.00 часот**, согласно изготвен распоред од страна на училиштето. Конечната ранг листа за секое училиште со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на **24 јуни 2023 година, најдоцна до 12.00** часот на огласната табла на училиштето и на њњњ.мон.гов.мк. **Квалификациско тестирање** ќе се организира во училиштата за средно образование на **26 јуни 2023** година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на **26 јуни 2023** година, на огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk.

Второто пријавување на учениците ќе се врши на **27 јуни до 24.00 часот и на 28 јуни 2023 година до 15:00 часот**. Ранг листата на запишани ученици се објавува на **29 јуни 2023** година на хттпс://еуслуги.мон.гов.мк и на интернет страната њњњ.мон.гов.мк најдоцна до 09:00 часот. Доставувањето на потребената документација до училиштата е на **29 јуни од 12.00 до 19.00 часот и на 30 јуни од 07.00 часот до 19.00 часот**, согласно изготвен распоред од страна на училиштето. Конечната ранг листа за секое училиште со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 1 јули 2023 година, најдоцна до 12.00 часот на огласната табла на училиштето и на њњњ.мон.гов.мк. Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 3 јули 2023 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 3 јули 2023 година, на огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk.

Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места после јунскиот рок. Пријавување на учениците ќе се врши на **21 август до 24.00 часот.** Ранг листата на запишани ученици се објавува на **22 август 2023 година** на хттпс://е-услуги.мон.гов.мк и на интернет страната њњњ.мон.гов.мк најдоцна до 09:00 часот. Доставувањето на потребената документација до училиштата е на **22 август од 10.00 до 19.00 часот**, согласно изготвен

распоред од страна на училиштето. Конечната ранг листа за секое училиште со резултатите од запишувањето ќе се објави на **23 август 2023 година, најдоцна до 12.00 часот** на огласната табла на училиштето и на њњњ.мон.гов.мк. По објавување на конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа.

## 5. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

**Критериуми за избор на учениците се:**

- среден успех на ученикот од VI до IX одделение;
- среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката);
- дипломи од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје. (Се признаваат само дипломите од акредитирани здруженија од Министерство за образование и наука);
- средна вредност од поени добиени за поведение

Наставни предмети од основното образование кои се предвидени во критериумите за рангирање на успехот на учениците за гимназиско образование се:

| Гимназиско образование | Наставни предмети кои се задолжителни | Наставни предмети кои се од значење за струката, односно изборното подрачје |
|---|---|---|
| Природно-математичко подрачје (комбинација А) | Мајчин јазик и прв странски јазик | математика, физика |
| Природно-математичко подрачје (комбинација Б) | Мајчин јазик и прв странски јазик | математика, биологија |
| Општествено-хуманистичко подрачје (комбинација А) | Мајчин јазик и прв странски јазик | математика, историја |
| Општествено-хуманистичко подрачје (комбинација Б) | Мајчин јазик и прв странски јазик | математика, историја |
| Јазично-уметничко подрачје (комбинација А) | Мајчин јазик и прв странски јазик | математика, историја |
| Јазично-уметничко подрачје (комбинација Б) | Мајчин јазик и прв странски јазик | математика, историја |

Доколку се пријават поголем број ученици од планираниот број предвиден со овој конкурс, а кои ги исполнуваат предвидените услови ќе се организира квалификационо тестирање. Тестирањето се однесува за сите ученици кои имаат ист

број поени и се под и над последниот реден број предвиден за прием согласно конкурсот. Квалификационото тестирање ќе се реализира на материјал од осмо и деветто одделение по предметите Мајчин јазик и Математика.

За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).

За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие најмногу 5 поени. (За освоено место од меѓународни натпревари 5 поени, за освоено место од државни натпревари: 3 поени за 1 место, 2 поени за 3 место и 1 поен за 3 место). На ученикот му се вреднува само една диплома која носи најмногу поени.

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).

**Ученикот по сите критериуми утврдени со овој конкурс може да добие најмногу 80 поени.**

Утврдениот број минимум поени за првиот уписен рок, прво пријавување, се составен дел на овој Конкурс.

За учениците кои завршиле деветто одделение во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија (VI, VII или VIII одделение) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.

**УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО И (ПРВА) ГОДИНА ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
**Силвана Кржовска**